РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1084/3
08-05-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на тринаесеттата седница одржана на ден 03 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1084/1 од 07.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Агенција за електронски комуникации (АЕК), Роберт Орданоски кое извршило избор за вработување на лицето Драгана Лепавцова, не ја извршува повеќе функцијата директор на АЕК.

Предметот со број 09-1084/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1084/1 од 07.03.2019 е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во АЕК за лицето Драгица Лепавцова, сестра на Андреј Лепавцов, поранешен амбасадор.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Драгица Лепавцова.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до АЕК, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 03 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

при вработување на лицето Драгица Лепавцова не е спроведена уредна и транспарентна постапка, односно тогашниот директорот на АЕК, Роберт Орданоски извршил избор без формирање на комисија за селекција, без спроведување на интервју и без подготовка на ранг листа, користејќи ги своите дискрециони права и овластувања.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на Андреј Лепавцов, поранешен амбасадор при постапката за вработување на блиско лице, во конкретниот предмет, но поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Агенција за електронски комуникации (АЕК), Роберт Орданоски кое извршило избор за вработување на лицето Драгана Лепавцова, не ја извршува повеќе функцијата директор на АЕК.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**